**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и петнаесеттата седница на Собранието на Републи Македонија, одржана на 12 април 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 00,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со 115-тата седница.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата.

Драги дами и господа пратеници, сходно последната координација која ја закажав пред половина час, се договоривме да продолжи со Сто и петнаесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Ја отворам 115-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат повеќе од 80 пратеници.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија, заради разгледување на Предлогот на одлуките за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировни операции.

За денешната седница се предлага следниот предлог на дневен ред.

1.Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија мидицински тим за учество во мировна операција На Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

2.Предлог на одлука за изпраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

3.Предлог на одлука за изпраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

4.Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

5.Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Предлагам предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 74, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија мидицински тим за учество во мировна операција На Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

2.Предлог на одлука за изпраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

3.Предлог на одлука за изпраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

4.Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

5.Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеника, сите 83 гласале за.

Констатирам дека е усвеон предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија мидицински тим за учество во мировна операција На Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор.

Три минути процедурално госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, сакав да кажам пред македонската јавност да види зошто не беше ефикасен Парламентот во целокупното работење во изминатиот период, токму поради вашето однесување и доследен на својата недоследност до крај постапувате како од самиот почеток кога почнавте да ги водите седниците. Не можам да сватам зошто оваа седница ја закажувате сега.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, немојте да упаѓате.

**Роза Топузова Каревска:** Јас ги разбирам пратениците. Имаме многу сериозна тема и мислам дека треба да бидат трпеливи. Јас навистина ве сваќам дека вие понесени во жарот од новата коалиција што ја направивте помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, изумивте дека имаме и некоја поважна работа да ја сработиме. Меѓутоа, сакам на премиерот да му кажам зошто не беше ефикасен Парлаемнтот, а не затоа што некој ги

броел неговите пратеници кои што јас инаку ги почитувам, ама за жал, тој не ги почитува, како овци, туку затоа што вие вака ги водевте седниците. Знам дека премиерот од некаде гледа, доколку не е на последна вечера со неговиот досегашен коалиционен партнер, односно господинот Мендух Тачи. И ќе разбере дека основната вина за неефикасноста на Парламентот е исклучиво во вас, почитуван претседателе. Инаку, пратениците и од парламентарното мнозинство и од опозицијата во најголем дел добро ја завршуваат својата работа.

Почитуван претседателе, сакам да ве прашам до кога е рокот за поднесување на амандмани на вака доставеното решение за свикување на седницата и по кој член ја свикувате оваа седница. Затоа што по истиот тој член,ние немавме право од Либерално демократската партија да ги доставиме, односно имавме право да ги доставиме, но вие не не удостоивте да дебатираме по амандманите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Поделено е. Тогаш, нема да читам. Ако е поделено зошто да читам, депласирано е да читам.

Има збор господинот Лазар Еленовски, министер за одбрана.

**Лазар Еленовски:** Најпрво би сакал да се заблагодарам за укажаната можност. Највисокиот законодавен дом секогаш во рамктие на поддршката кон Министерството за одбрана и посебно за точката, значи за упатување во мировни мисии имал консензуален глас. Се надевам дека таа политика на државата, значи во поглед на евроатланските интеграции повторно ќе се демонстрира. Излегуваме со Предлог како Министерство за одбрана и Влада пред се поради новонастанатата ситуација, имајки предвид дека ќе бидеме неколку месеци не во функција. Сметавме дека мисиите кои што ги има Македонија и оној придонес кој што го дава во рамките на НАТО, на Евроспката унија и на учеството со коалиционите сили во Ирак не смеат да се загрозат. Токму поради тоа ја баравме оваа итна седница се со цел оние стратешки национални интереси од никој, ниту од Владата, ниту од Парламентот да не бидат загрозени, односно да бидат подржани понатамошните придонеси на Армијата на Република Македонија. Во конкретниов случај значи станува збор за упатување на нова ротација во мисијата на ЕУ во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА со медицински тим во состав двајца лекари офицери, еден офицер за логистика, тројца медицински техничари, две цивилни лица и двајца возачи на санитетски возила кој што медицински тим би требало да биде упатен во средината на мај 2008 година, односно да настане ротацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван господин министер, почитуван господин секретар на Собранието.

Сакам да го прашам секретарот, каде се списоците да се потпишеме за оваа седница?

**Љубиша Георгиевски:** Веќе се изложени.

**Влатко Серафимов:** не знам дали се изложени, меѓутоа ние пред да дојдеме на седница ...

**Љубиша Георгиевски:** Изложени се.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, ова беше една мала пародија за да сватат и граѓаните на Република Македонија и новинарите и вие пратениците како работеше овој законодавен дом. Ова беше една мала пародија во која што вие почитувани граѓани на Република Македонија можевте да ја гледате во режија на господинот Љубиша Георгиевски, а актери имаше само за жал од левата страна и статисти во средината. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на вашата интервенција.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Почитувани граѓани на Република Македонија, почитувани претставници на медиумите,

Сакам за миг да ја снимите новата коалиција помеѓу ВМРО ДПМНЕ, ДУИ и ДПА, што функционира беспрекорно во Парламентот. Намерно не се обратив до претседателот на Собранието заради тоа што мислам дека крајно не заслужува да му се обратам, бидејќи на последната седница не знаеше достоинствено да си замине од местото претседател на Собрнието. До последен момент го крши Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За што станува збор?

При свикувањето на оваа седница како што рече, по барање на Владата, заради итност, требаше министерот за одбрана да ја образложи итноста и да се гласа за итноста во Собранието, онака како што е предвидено во членот 66 од Деловникот. Меѓутоа, за ВМРО ДПМНЕ, за Љубиша Георгиевски, за Геруевски, она што го говорев на минатата седница, дека не постои ниту закон, ниту Устав, ниту Деловник, туку единствено постои само тој и дека сака да расчисти со Собранието, еве ова е очигледен пример како се расчистува со Собранието. Значи, Собранието не му треба, заради тоа што не можеше да го измени Законот за одбрана и тој да одлучува за испраќање на мировните мисии. Меѓутоа, него го искористи и злоупотреби, всушност ве злоупотреби вас, почитувани колеги од средината, да уште еднаш, на седница што е сосема спротивна на Деловникот, спротивно закажана без добиен материјал од Владата на Република Македонија, се бара да Собранието се изјасни за испраќање на мировните мисии надвор од Република Македонија. И, мислам дека ова не е прв од пропустите. Ова не е прва од злоупотребите што ги правите, на консензусот што го имаме во македонското Собрание и во

македонската јавност, за испраќање на мировните мисии.

Денеска и овде сега, токму на неколку минути пред распуштањето на Собрнаието на Република Македонија покажавте дека немате ниту визија, ниту стратегија, ниту план за Република Македонија и за нејзините граѓани. Не можете дури да предвидите дека мора да донесете одлука за да испратите мировна мисија и тоа мораше да ви го јавата неколку минути пред да го распуштите Собранието, па врз основа на тоа итно да свикувате координации, на итен начин, без ниту една одлука да барате поддршка од Собрнаието на Република Македонија, за да можете да ги испратите војниците на Република Македонија надвор, во мировните мисии.

И, токму сега навистина морам барем за миг да помислам на оние 11 луѓе кои ги дадоа сопствените животи за перспективите на Република Македонија во НАТО. Токму заради ваков неодговорен начин, на кој што ги праќате надвор од Република Македонија, токму за ваквото испраќање, без пишан документ и одлука, токму зарди она што не знаевте да подготвите извештај до Собранието на Република Македонија, туку доставивте некаква Информација, сето тоа беше еден голем минус и согледаа дека нема функционална демократија во Македонија. И, тоа ви е одговор, тоа е вашата грешка, тоа е неспособноста на Груевкси, тоа е ваша, господине министре Еленовски, заради тоа што денеска ни нитудите одлуки напишани на дневен ред.

Ве прашувам, колку војници ќе испратите во медицинскиот тим ЕУФОР, Алтеа? Колку ќе трае мировната мисија? Од кога почнува мисијата на медицинскиот тим на ЕУФОР, Алтеа? Сето тоа пишува во таа одлука што треба да ја доставите до Собранието.

И на крајот, нормално, во одлуката треба да стои дека треба да поднесете извештај до Собранието на Република Македонија. Таква одлука нема доставено до пратениците. Нема добиено од страна на Владата.

Мислам дека врв на вакви манипулации правитте токму во моментот кога се распушта Собранието на Република Македонија.

Според тоа, мислам дека на ваков начин граѓаните на Република Македонија најдобро ги гледаат вашите намери, најдобро можат да оценат со каков план и стратегија настапувате и како ќе ги штитите нивните интереси.

Меѓутоа, на крајот сакам да ви кажам СДС длабоко е определен да го продолжи патот на реформи, патот на опстојувањето на НАТО интеграциите и Европската унија. Тоа е наш приоритет што не е приоритет на Груевски и на овие колеги кои седат во средината.

Токму сакаме и затоа дојдовме овде во Собранието, да ја поддржиме и оваа одлука за испраќање на мировните мисии, иако ја правите со процедура многу симптоматична и сомнителна. Меѓутоа, за сето она што се случува во тој дел некој ќе сноси одговорност. Најверојатно, таа одговорност ќе ви се случи на следните парламентарни избори што впрочем ќе ги закажете за некоја минута. Тогаш ќе се соочите со граѓаните. Тогаш ќе расчистат со сите вас, тогаш ќе расчистат со вашата политика на спротивствување на влез во НАТО и Европската унија. Ќе победи европска Македонија.

За жал на сите вас, мможе би никогаш повеќе нема да бидете дел од сценариото за подобрување на животот на граѓаните.

СДСМ ќе гласа за овие одлуки меѓутоа силно и остро протестираме на начинот на кој што без стратегија, без јасна визија за Република Македонија, за нејзините граѓани влегувате во една изборна кампања и покажувате на граѓаните дека апсолутно ниту една точка што е интерес личен односно интерес на граѓаните што треба да го остварите.

Вашиот интерес, интересот на Груевски е интересот на неговото семејство и интересот на неговите блиски соработници. Меѓутоа, тоа ќе го оценат граѓаните и ќе го казнат веројатно на следните избори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине министре.

**Лазар Еленовски:** Како прво и во самиот вовед објаснив која е правата нужда за овие точки на дневен ред денеска, токму пред оваа седница.

Инаку, ако може да се изјасниме, тука сме да донесеме нешто што е стратешки интерес на државата. Јас нема да си дозволам да се сведам на последните два дена, тоа што се случуваше во Парламентот и за почнување на изборната кампања.

Во одлуката, не знам кој ја добил, кој не ја добил, одлуката е прецизна и јасна. Мисијата ќе брои 10 луѓе, ги прочитав. . .

(Реакции и дофрлања од место)

. . . Не знам тоа, .. .

**Љубиша Георгиевски:** Говорете, продолжите господине министре, продолжете.

**Лазар Еленовски:** Одлуката е јасна. 10 припадници се упатуваат во мисијата во Босна и Херцеговина . . .

(Реакции и гласни и дофрлања од место, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето)

**Љубиша Георгиевски:** Немојте да се нервирате, полека, стамено. Јавноста ве гледа. Полека.

Повелете господине министре.

**Лазар Еленоски:** Повторно ќе повторам, во одлуката стои дека 10 припадници, како и до сега, се праќаат повторно во ротација со медицински тим, со таква медицинска контрибуција. Ротацијата ќе биде во шест месеци и ќе почне на 15 мај.

(Реакции со гласни дофрлања од место)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

(Гласни дофрлања од место).

Прекин од 15 минути, да се оладат малку.

(По паузата седницата продолжи со работа во 01,28 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Бидејќи за процедурално има повеќе пријавени, го повикувам и министерот да влезе во салата, меѓувреме додека ни дојде министерот, процедурално бара госпоѓица Славица Грковска.

Повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници,

Она што имавме прилика да го слушнеме во изминативе два дена и во интервјуто на премиерот Груевски на една од националните телевизии како аргумент за денешната одлука што ќе ја донесете заедно со ДУИ, вашите нови коалициони партнери ДУИ и ДПА, е дека опозицијата не е дозволувала на Владата да работи.

Пред половина час бевме сведоци на итно закажување на нова седница на Собранието на Република Македонија, речиси пред самиот момент на изјаснување на новата коалиција ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и ДПА со која што се предлагаше на дневен ред да бидат пет точки без да ни се подели одлуката и материјалот по овие точки.

Сега јас сакам да го прашам министерот кој се надевам дека гледа, бидејќи не е во салата, кој ја спречи Владата на Република Македонија да ги донесе овие одлуки и да ги достави до Собранието на време. Дали опозицијата ја спречи Владата да нема седници и да ги достави одлуки навреме до Собранието за да може Собранието нормално да расправа по нив и да ги донесе. Сакам да прашам што ќе се случеше со овие одлуки доколку вчера ја донесовме одлуката во раните утрински часови за распуштање на Парламентот. Дали е ова сериозно работење на Владата на Груевски или само доказ дека нема стратегија, дека има ад хок решенија, ад хок потези дека единствена кон што е посветена Владата на премиерот Груевски е во градење на неговиот личен рејтинг, а не градење и работење за интересите на Република Македонија. И во право е, со ова се покажува дека е сосема во право господинот Мендух Тачи кој што тврдеше дека институциите на функционираат, меѓутоа ова е уште еден доказ дека институциите на функционираат благодарение на премиерот Груевски и на коалиционите партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДПА кон кои што за жал се придружи и ДУИ.

Сакам на крајот да му честитам на претседателот на Собранието Љубиша Геогриевски кој остана доследен до крај на неговата намера и морам да констатирам дека успеа во тоа да го претвори Собранието во циркус. Ваквото закажување на седница е уште еден доказ дека нефункционирањето на институциите, не функционирањето на Собранието има само една причина, а тоа е претседателот на Собранието Љубиша Геогриевски.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Господине Најдовски вие сте за процедурално, се надевам малку поинаку од госпоѓица Грковска.

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, искрен да бидам ако ја водеше седницата претседателот на Собранието ќе се откажев, бидејќи тој навистина не заслужува. Ве молам, јас бев коректен кон сите и ќе останам до крај и токму заради мојата одговорност и да не ме оптоварува мојата совест, со оглед на тоа што сеуште го немате распуштено Парламентот, а носите крупни одлуки.

Оваа одлука Владата ја донела вчера. Овде работно тело не ја разгледувало, ниту барам да ја разгледува работно тело на Собранието, ниту да се должи работата. Но, сакам да ве прашам, почитувани дами и господа пратеници, дали се чувствувате подготвени сега да ја донесете одлуката со која што треба да испратиме нечии синови на нечии мајки, татковци на некои деца со една ваква несериозна Влада, со една ваква ситуација кога министерот се шета овде по ходници и не е влезен и ние расправаме. Не е тајна овој материјал, ќе ви кажам само еден припер. Испраќаме механизирана пешадиска чета. Барем машките овде што се знаат што значи чета и колку наши војници ќе одат. Ние мораме до крај да ја почитуваме нашата определба за НАТО. Но истовремено не сакам, ќе повторам со оглед на тоа што сеуште Парламентот не е распуштен но да не кажам дека веќе се плашам кога не знаеле дека треба вакви одлуки да се донесат во Владата, министерот, заменикот министер и премиерот Никола Груевски, се плашам дека ги спремиле овие војници да одат во мисија.

Затоа, би замолил да каже кој ја сноси одговорноста за не дај Боже нешто ако се случи. Се чувствувате ли вие сега колеги пратеници, сигурни дека ова е спремено од овој министер и од неговиот премиер господинот Груевски. Сакам ова јавно да го кажам овде, само да укажам дека не била кривицата во оваа држава, во Парламентот, туку бил премиерот кој нема министер за економија, нема заменик министер за внатрешни работи, нема министер за локална самоуправа, има министер за одбрана кој што не знае што има овде во процедурата.

Од тие причини само една реченица, од тие причини навистина треба да се запрашаме дали спремни ќе се испратат овие наши македонски деца. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Дали некој друга има процедурално пријавено?

Ако нема процедурално пријавени пратеници, тогаш објавувам пет минути пауза додека да дојде министерот. Меѓутоа еве сега дојде министерот, тогаш можеме да продолжиме со расправа.

Има збор господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги,

Чвствувам за потреба да ви се обратам и да го соопштам ставот на НСДП, но и да се произнесам во контекст на она што вчера ви го говорев. Жалам што мојот млад колега од Охрид не е тука, бидејќи вчерашната моја интервенција беше по повод неговата дискусија. Се надевам дека ќе слуша и дека ќе дојде.

Утрово бев доста емотивен, сега можам да бидам многу смирен, можам да ви се потсмевам за тоа што вие ме надвикувавате и ме провоциравте да бидам толку гласен. Со тоа сакав да ви докажам дека не можете да ме надвикате. Но, дури и да се потсмевам што од тоа. Која е целта, кој е ефектот?

Имено, почитувани колеги, тоа што вчера ви го зборував еве денес најдрастично се потврдува. Значи, не поминаа само 24 часа. Еве само на еден сегмент каде води слепата, брзата, слепоста, брзоплетоста и авантуризмот. Само во ќорсокак, никаде на друго место. Еве го тој ќорсокак. Еве како на некои им текнува отпосле. Од почит кон институцијата нема да кажам кои се тие и на кого му текнува отпосле. Во секој случај на сцена е апсурд, парализа на системот, институциите во аут, циркусот адрија продолжува, класичен дебакл.

Сега ќе ми дозволите да го злоупотребам вашето внимание и да ве потсетам, особено Александар да го потсетам и да го повикам да влезе во салата што вчера јас ви реков. После на овој пример со испраќање на нашите единици во мисиите, ќе ви покажам кои се други дефекти ќе ви се случат во наредните денови и месеци. Вчера реков мојот помлад колега од Охрид имаше, се надевам Цветко дека нема да ме предизвикаш, децибели да ти предизвикам, повторувам мојот помлад колега од Охрид имаше едно пледоае за Европската унија и НАТО. Јас навистина сакам да му верувам дека беше искрен и дека му е искрен односот кон нашата евро НАТО посветеност. Но, сепак, подвлекувам треба да се имаат сите сознанија кога се втурнуваме во една ваква авантура, што во случајов се вика предвремени избори. Имено, не е доволно ние само да се колнеме во Европската унија и НАТО, а да не знаеме каде се втурнуваме себе си т.е. државата. Јас само на примерот на неговата дискусија сакав да кажам дека со овој чин се загрозени НАТО и Европската унија во еден сегмент кој што барем досега гарантираше успешни реформи и наша успешна контрибуција, а тоа е Армијата на Република Македонија.

Сега, ќе кажам конкретно. Со овој чин ние ги загрозуваме редовните смени за учество на нашите борбени единици, нешто што барем како тема во овој Парламент имаше општ консензус и кога гласавме, гласавме 100%. Затоа, вечерва некој се заведе на тоа, на тој автоматизам и направи циркус, направи дебакл, подготвените документи, одлуки од Министерството и Владата не ги достави до нас пратениците. Прво, требаше да биде отворена расправата, па дури потоа да ги добиеме документите кои што верувам дека се овде добиени пред повеќе часови. Но, што сега почитуван претседателе. Тука беше мојата интервенција да се допие кафето и да се заврши разговорот со господинот Ѕинго. Кога ќе ни истече времено, почитуван претседателе, конкретно на 1 и 2 јуни следува ротација на двата вода за Ирак. Да ве потсетам, со заедничко учество на Американската армија. На 1 јули следува замена на четата во Авганистан. Онаму каде што се кали НАТО и каде што ние претендираме плус АЛТЕА итн.

Поентирав и прашав, кој ќе ги носи одлуките, почитуван претседателе сега. А, ние ќе се тупкаме во гради колку сме за НАТО. Колегата ми реплицираше, објаснувајќи ми дека сепак ќе продолжи да функционира и на овој начин, мислеше со распуштен Парламент, нашиот од кон НАТО и ЕУ процесите и нешто на крајот што не го разбрав вели, се надевам уште еднаш дека ќе ја примите пораката која што јас ви ја испратив вам. Ниту му ја разбрав пораката, ниту е тука сега да ми каже на што мислел. А, јас тоа што, почитувани ви го кажав вчера, еве ви се случува вечерва.

Сега, ќе ве потсетам што уште друго ќе ни се случува. Кога Владата е распуштена, затоа што и Собранието е распуштено. Владата не може да донесува документи, закони и подзаконски акти кога е во прашање утврдување на политика на извршување на закони, предлагање на просторни планови. Потенцирам, одлучување за признавање на државни влади. Потенцирам, воспоставување дипломатски конзуларни односи и потенцирам склучување на меѓународни договори, меморандуми за соработка, разбирање и слично. Исто така, Владата нема да може да ги извршува работите на утврдување на развој на економска политика, поттикнување на економски напредок, стратегија за привлекување на странски инвестиции. И, ќе завршам, во тој дел.

Од денот, цитирам документ од Секретаријатот за законодавство со кој ќе се соочи овие денови Владата. “Од денот на донесување на одлуката за распишување на избори, до завршувањето на изборот на пратеници во Собранието не може да се врши никаква вонредна исплата на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства од јавните фондови, ниту да се оттуѓува државен капитал”.

**Бесим Догани:** Господине Митановски, ве молам да бидеме доследни.

**Веле Митаноски:** За да бидеме доследни, заклучувам почитуван потпретседателе. Сепак, тргнувајќи од значењето на точката премногу големо пратеничката група на НСДП која во овој момент во својот министер или преку својот министер ја носи одговорноста за ресорот ќе гласа за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија во мировните операции во Босна, Ирак и Авганистан, а јас сепак сакав да ја искористам и последната прилика да ве потсетам, да ви предочам во што се втурнуваме.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Митаноски.

За збор се јави господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Продолжувајќи онаму каде што застана колегата Митаноски, ова е уште еден доказ за големата глупост што ќе ја направеше претседателот на Парламентот. Уште завчера предупредивме за многу непредвидени околности на предлагачот кога предлага распуштање на Парламентот. Ова беше најавено од колегата Митаноски и веројатно затоа пронтно реагираше Министерството за одбрана, но за жал видовме дека Парламентот повторно беше засрамен, беше ставен ако не реагираше колешката од ЛДП и колегата Оливер Спасовски пред уште еден испит на зрелоста што немаше да го положат. Ќе гласаа без материјал за испраќање на војници во мисијата АЛТЕА.

Како да заборавија дека со одлука на овој Парламент во јули минатата година замина и потоа на враќањето загина мисијата која беше во Босна и Херцеговина. Заради тие кои го положија својот живот за евроатланската иднина на Република Македонија не смееше на овој начин да се однесува пред се претседателот на Парламентот. Врз основа на тоа трагично искуство мора да се промени нешто министре во одлуката. Во таа несреќна одлука имаше недефинирана точка, овде е точката 2: единицата на Армијата се испраќа за период од 6 месеци сметано од почетокот на месец мај. Мора да се прецизира почетокот на мисијата, затоа што таа трагична мисија остана во Босна и Херцеговина повеќе од 6 месеци. Остана 6 месеци и 13 дена. Треба во истрагата која се води истражните органи да утврдат кој беше виновникот што не беше почитувана одлуката на Парламентот.

Затоа, имајќи едно такво трагично искуство, мора до крај достоинствено Парламентот да си ја заврши својата работа. Не може врз основа на негативното искуство да не го дефинираме терминот. Мора да се знае кога почнува мисијата, ако мислите вака грубо дека заради некои причини што Парламентот, можеби на некоја затворена седница би требало да ги знае, мора да се почитува рокот дека мисијата е 6 месеци.

И последно, не спорејќи дека до крај ќе бидеме доследни на она што рековме дека за евроатланските интеграции не е доволно да испраќаме само војници. Парламентот треба да преземе дел од одговорноста и да ја прифати, сеуште има време, сугестијата што беше дадена. Можат да почекаат предвремените избори. На 9 јули во Брисел започнуваат предпристапните разговори за нашите партнери од Јадранската група, за Албанија и Хрватска. Ако Република Македонија до 9 јули не го исполни условот да најде компромис со соседна Грција, за жал, ние ќе ја испуштиме оваа историска шанса. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Господин министер, реплика или збор?

Повелете.

**Лазар Еленовски:** Реков нема да влезам во дебата, само сакам да го потсетам мојот поранешен колега бидејќи беше министер за одбрана, како се потпишуваат одлуките.

Оваа одлука точно дека не е прецизирана, меѓутоа, кај министерот за одбрана стотици одлуки доаѓаат за секој поединечен војник од - до, со точен датум. Значи ако тргнува на 5-ти или 10-ти, тоа зависи, меѓутоа, ако пишува на 10-ти и потпишува министерот одлука во траење од 6 месеци, се знае до кога е. Тоа би требало барем Бучковски да го знае. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Министре, дали тоа значи дека ние сме во заблуда дека трагичната мисија се враќаше точно на денот кога истекуваа 6 месеци од мисијата? Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Се јави министерот.

Министре, повелете.

**Лазар Еленовски:** Уште помалку ќе коментирам нешто што не ни се допаѓа. Не би сакал во рамки на некаква кампања таа трагедија што и се случи на државата да биде случај и затоа да ја сочекаме истрагата. Знаете, почитуван пратенику, поранешен министер и премиер, како се оди и како се враќа. Ако треба тоа ќе го оставиме за понатаму, меѓутоа, ова не е точка што треба сега да се одговара. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавни за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 71 пратеник, сите 71 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Се работи за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија

подофицер за превентивна медицина во командата на ЕУФОР во Сараево сметано од средина на месец август 2008 во траење од 6 месеци.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 70 пратеници, сите 70 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕЈА.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Третата контрибуцаја која што ја имаме во истата мисија на Европската унија е со правен советник, офицер во командата на ЕУФОР АЛТЕА од месец јуни во траење од 6 месеци.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Има збор господинот Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Колегата Митаноски кој реално ја играше улогата на претседател на Собранието и генерален секретар, посочи нешто што е итно и што ќе биде задача на Собранието во месец мај и јуни.

Но извинете, точките кои следат министерот на заминување треба да ни објасни, веројатно има повеќе информации. Ние имавме овде поинакви информации дека правиме распуштање или чистење на Парламентот за многу брзо експресно да дојде нов состав. Овде веќе се плашам дека се откриваат други намери, дека Македонија веројатно ќе биде без Парламент и во јули и во август и мислам дека вакви одлуки нема потреба ние да прејудицираме дека нема капацитет државата Република Македонија да има легитимни органи дури до август. Мислам дека ова е една замка која не треба да ја прифатиме. Опасно е, имајќи предвид што пораките и на оние кои тврдат дека не траба да се мешаат во внатрешните работи на Република Македонија, тоа е дипломатски речник кој мојот помлад колега Илија Димоски денес лошо го толкуваше како подршка од амбасадата на САД. Значи, ниту една амбасада, ниту една мисија нема да се меша во внатрешните работи и нема да го врзува пријателството, дури и партнерството на краток или долг рок, во зависност од тоа дали ќе остане оваа владеачка коалиција или ќе дојде оваа од левата страна.

И трето, треба да биде јасно дека на овој начин ако ги донесеме овие одлуки одиме контра на заложбите кои беа и на предлагачот. Предлагачот рече што е можно побрзо да одиме на избори, но и што е можно побрзо да го вратиме легитимитетот на институциите во Република Македонија. На овој начин мислам дека овие одлуки не се во духот на она што беше генерално заложба на мнозинството пратеници, така што предлагам сите овие што имаат рок да заминат во јули или во август да отпаднат од оваа седница.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Господине Бучковски, уште еднаш ќе ве потсетам за тоа дека бевте министер на истата институција и дека би требало да ја знаете повторно технологијата како станува збор. Станува збор за многу сериозна институција која не дозволува никакви ризици да се случат од било каква природа, дали е политичка или останата.

Токму поради тоа, а знаете дека целата технологија на правење една одлука започнува од Генерал штабот преку секторите во Министерството и министерот ја испраќа одлуката подготвена генерално од вторите и од Генерал штабот до Владата. Ние не можеме да си дозволиме било каков ризик, треба да се остави војската да си ја работи добро работата, се надеваме брзо ќе имаме и нов Парламент. Ако смета тој нов Парламент да ја менува одлуката, нека ја менува, меѓутоа, мислам дека не смееме во никој случај да дозволиме било каков ризик во поглед на ова стратешко прашање за Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Еленовски.

Господине Бучковски, дали сте за реплика или збор? За реплика.

Дали има некој друг за реплика? Нема.

Тогаш повелете господине Бучковски, реплика од три минути.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Овде пред мене е претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност во заминување, кој ќе може да потврди дека ниту еднаш не сме донеле одлука која од денес сметано, денес сме 11 април, до јули општо има најмалку седум недели, а до август има 11 недели. Сме ги носеле во временски теснец од 7 до 10 дена пред замунувањето на мисијата и за разлика од тебе Еленовски јас сум многу поискусен, никој пат на јавни седници толку рано не се откривало дека ние ќе испраќаме војници во Авганистан или Ирак. Ова е неодговорно.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Збор има Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со нашето присуство на оваа седница, нерегуларно закажана без доставен материјал, без достојна почит за оние што ги испраќаме во мировна мисија, оние што треба да бидат гордост на Република Македонија преку оние кои јасно ги изразуваме нашите заложби за интеграција во НАТО алијансата, сме тука за да дадеме подршка затоа што ЛДП секогаш ја давала својата искрена подршка за интеграција на Република Македонија во НАТО алијансата. Впрочем, и не може да биде поинаку, затоа што и нашиот лидер господинот Јован Манасиевски, како министер за одбрана даде значаен придонес за исполнување на потребните критериуми за учество ...

Ве молам, потпретседателе нека бидат трпеливи колегите од опозицијата, јас знам дека се засрамени од ова што ни се случува, тоа го гледам по нивниот израз, за една ваква неподготвена седница, за една седница која сакаше на мала врата без одлука да се помине една вака значајна материја. Јас сакав само да дадам подршка, но очигледно дека многу им се брза да си заминат дома, без да сака да размислам што во овој момент ние правиме, дали ние испраќаме подготвени и опремени војници кои сакаме да ја претставуваат нашата земја достојно и да ни се вратат секако живи и здрави во земјата.

Јас нема многу да должам, но сакам да кажам дека ЛДП како и секогаш и овој пат ќе даде подршка за испраќање на сите овие војници, иако ја изразувам мојата загриженост токму поради оваа одлука, другите 4 навистина можеме да ги подржиме без загриженост, која што се однесува на испраќање на војници во мисијата која што треба да започне кон крајот на јули или август месец. Мислам дека ова, како што кажа и мојот почитуван колега Бучковски, говори за тоа дека премиерот цврсто решил да расчисти со Парламентот, цитирам, како што самиот вели, да расчисти со Парламентот и тоа не за кратко време, туку за подолго време. Мислам дека ова е крај, почеток на крајот на демократијата во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Топузова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 72 пратеници, сите 72 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕЈА.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам.

Станува збор за најголемата контрибуција на Армијата на Република Македонија во многу битната операција на НАТО ИСАФ Авганистан. Предлогот е да се продолжи со редовна ротација и тоа една механизирана пешадиска чета во состав од 140 припадници, три офицери за работа во мултинационалната команда на ИСАФ во Кабул и медицински тим во состав од 4 лица. Тоа е заедничкиот тим со нашите партнери од Јадранската група.

Четата ќе биде упатена во јули 2008 година во период од 6 месеци, а медицинскиот тим треба да ротира во август 2008 година.

Би сакал да напоменам тука, бидејќи кога станува збор за Авганистан ја знаеме сложеноста на ситуацијата, нашите единици ќе ја имаат истата задача и истата мисија како и досегашната чета и досегашниот медицински тим. Нема да има никаква промена територијално или на мисијата на нашите единици.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 71 пратеник, од нив 70 гласаа за, воздржани нема, проитв 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Станува збор за продолжување на придонесот на, исто така за нас многу битната мисија со нашиот стратешки партнер САД. Знаете дека во декември го зголемивме нашиот придонес односно го дуплиравме, истиот придонес предлагаме да продолжи и во наредната ротација.

Предлагаме двајца офицери за работа на должноста во централната команда на УСЦЕНТКОМ во Тампа Флорида, пет офицери во мултинационалната команда “Слобода за Ирак”, еден вод на сили за специјални операции од 36 припадници и еден механизиран пешадиски вод во состав од 36 припадници на истото место со

истата мисија и задача од јуни 2008 во траење од 6 месеци.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министе.

За збор се јави господиниот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Иако и самиот се прашувам дали вреди да се говори кога колегите од првиот ред коментираат гласно, а не реагираат на одлуки кои ги носиме, што сметам дека се крајно непотребни, посебно телефонирајќи дека ќе нема Парламент до јули и август.

Многу лоша беше претходната одлука. Но, јас ве предупредив, тоа може да го прави само опозицијата.

Последната точка, нашето стратешко партнерство, бидејќи целата расправа во изминатите три дена беше за приоритетите на Република Македонија и за нашите НАТО аспирации и за пропуштената шанса што упорно ВМРО-ДПМНЕ заедно со ДУИ и ДПА се обидува да го реализира и да не бидеме примени во НАТО. Треба да се знае дека секој кој ќе гласа, бидејќи на денешната лидерска средба нема договор, значи беше лажна тезата дека може некој да има легитимитет, почнувајќи од вечерва односно од утрово.

Претседателот на државата ја споделува, во делот на надворешната политика и на одбраната и безбедноста, својата власт со Владата. Владата е техничка, нема ингеренции. Парламентот го нема. Значи останува, за тоа треба да биде секој свесен, Република Македонија без можност да го исполни условот и до јули да биде примена во НАТО. За тоа ќе гласате.

Второ, лажна беше тезата дека уште во Букурешт, па потоа и во Загреб, како замена за НАТО е договорен специјален договор за воено -техничка соработка со САД. Министерот може да потврди, не слушнав негова изјава да демантира дека тоа беа пусти желби. Република Македонија веќе десет години има договор за воено - техничка соработка со САД. Затоа толку многу напредувавме и во реформите, ги имаме најверојатно најдобрите експерти, тоа се од една специјализирана агенција Бус Ален и Хамилтон и затоа толку сме напредни во модернизирањето, посебно на телекомуникациската опрема што му треба на Министерството за одбрана, заради воено техничката соработка со Американците. Значи во овој момент се покажа дека е лага, дека неделата изминува, дека Милошоски ќе отиде и ќе постигне некој договор, како тие бриферите, дали е Боцевски, Протуѓер, не знам кој ја брифира и ја мами македонската јавност. Тврдеа и велеа не се грижете, не влеговме во НАТО ама сме под безбедносниот чадор на Американците и ќе дојде Милошоски ќе потпише нешто. Измина оваа недела, не отиде Милошоски. Сега се најавите, и да отиде, кога ќе се отиде ќе се види дали Република Македонија ќе може да има дополнителни гаранции. Да не си го лажеме умот, ниту Израел некогаш сакал да биде членка на НАТО, ниту Саудиска Арабија, ниту Филипини, уште помалку Тајван, кои некој ги спомнуваше како модел на воено-техничка соработка. Значи време е на крајно отрезнување на сите оние кои после ќе гласаат, да знаат дека се манипулирани подолг период и редно е пред да ја донесат одлуката да знаат дека гласајќи за вонредни парламентарни избори ја затвораат вратата на Република Македонија за влез во НАТО оваа година.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласаа 73 пратеници, сите 73 гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 115-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 02,13 часот)